**ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА ПОЛИТИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ХАРМОНИЗИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ РЕГУЛАТИВИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАКТИКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД РОДОВО-БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО СО СТАНДАРДИТЕ И ОДРЕДБИТЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО[1]**

[1] Документот е изготвен во рамки на проектот „Сите заедно да изградиме заедници без родово базирано насилство“, што ЕХО го реализира со финансиска поддршка од шведската фондација Kvinna till Kvinna.

Овој документ има за цел да даде препораки на носители на национални и локални политикиво областа на родовата рамноправност, за унапредување и хармонизирање на домашнитерегулативи и институционални практики за превенција, спречување и заштита од родово-базирано и семејно насилство, со стандардите и одредбите на Конвенцијата на Советотна Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство и Пакетот неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство[2], а кои се засноваат и произлегуваат од детектирани слабости и недостатоци на системот на превенција, заштита и спречување на родово-базираното и семејното насилство врз жени. Собранието на Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата, позната како Истанбулска, на 22 декември 2017 година, а истата стапи на сила на 1 јули 2018 година. Приклучувајќи се на напорите за унапредување на достапноста и ефикасното и сеопфатно обезбедување на неопходните услуги за жени и девојки жртви на насилство на интегриран начин, ЕХО формираше и координира Мултисекторски тимови на заедниците за ефикасна заштита на жените и девојките од секаков вид на насилство (во натамошниот текст МТЗ) во Штип, Струмица и Прилеп. Овие тимови составени од претставници на општите даватели на услуги: полицијата, центрите за социјална работа, основните судовите, основното јавно обвинителството, здравствените установи и општините, во координирана соработка со ЕХО Едукативно - хуманитарна организација од Штип како специјализиран давател на услуги, работат на подобрување на меѓуинституционалните односи и воспоставување и практикување на моделот за интегративен пристап, односно за заедничко и координирано дејствување со цел да се овозможи ефикасна заштита на жените и девојките жртви на насилство. Овие тимови заеднички и координирано им помогаат на жените изложени на родово-базирано и семејно насилство, преку обезбедување на неопходни услуги од својата област на делување, согласно потребите на жртвите на насилство и нивната волја за вклучување во правни постапки за заштита од насилство.

[2] Достапно на линкот https://endvawnow.org/uploads/browser/files/essential-services-package-mk.pdf

Од страна на членовите на МТЗ, а врз основа на континуираното функционирање и работа на тимовите, беа детектирани низа недостатоци и слабости во системот на превенција, заштита и спречување на семејно насилство и насилство врз жени, кои се однесуваат на поставеноста и сеуште несеопфатната домашна регулатива согласно стандардите поставени во Истанбулската Конвенција, како и во недостатокот на институционални капацитети и сеопфатни и интегрирани политики и практики кај давателите на услуги, како општите, така и специајлизираните. Овие недостатоци оневозможуваат сеопфатна, ефикасна, навремена, мултисекторска и координирана заштита, помош и поддршка согласно потребите на жртвите на насилство, што пак во голема мера влијае на севкупниот квалитет на нивниот и животот на членовитена нивните семејства, довербата во системот на заштита, сигурноста, безбедноста и потполното уживање на  човековите права и слободи, загарантирани со уставот, законите и меѓународните акти.

Овој документ ќе се фокусира на недостатоците и слабостите во системот на заштита идентификувани од страна на претставниците на центрите за социјална работа и полициските службеници, вклучени како членови во работата на МТЗ, а кои произлегуваат од секојдневното работење и овозможување на услугите за жени и девојки кои искусиле насилство. Акцентот е ставен врз внатрешните организациони капацитети на давателите на услуги, кои сметаат дека системот за превенција и заштита од насилство врз жени не може да биде потполно функционален и ефикасен доколку не се обрне должно внимание и кон внатрешните човечки, технички и материјални капацитети и ресурси со кои располагаат давателите на услуги, како општи така и специјализирани. Нивното запоставување, недостатокот на инвестиции и законски прилагодувања во оваа област може да се одрази неповолно врз севкупните тековни процеси за унапредување и подобрување на достапноста на услугите за жртвите на насилство, кои се посебно засилени во претходните неколку години по ратификацијата на Истанблската конвенција и по донесувањето на новиот Закон за спречување и заштита на насилство врз жени и семејно насилство.

Претставниицитe на **центрите за социјална работа** акцентот го ставаат на екипираноста и човечките ресурси со кои располагаат. Имено, недостатокот на стручни и обучени кадри е предизвик со кој се соочуваат речиси сите центри во државата. Така, на сегашно ниво на работа и надлежности, недостасуваат вработени од следните профили: педагози, психолози, социјални работници и правници. Нивниот недостаток не се адресира навремено од страна на ресорните министерства, што негативно се одразува врз начинот и организацијата на работата на центрите севкупно. Имено, како пример се посочува малиот групен дом во Штип, каде има тројца вработени од локалниот центар за социјални работи и двајца вработени за кои средства издвојува Општина Штип. Ваквата организација на работата преставува дополнителен работен товар на ЦСР Штип, посебно кога поради итниот и неодложен карактер на дел од работните задолженија на центарот. Стручните профили, кои се дефицитарни, како на пример педагог и психолог, треба да работат во секоја област од социјалната и детска заштита. Тоа резултира со зголемување на работниот товар и на ризикот од професионално прегорување на работното место, со што

вработените како даватели на јавни услуги искусуваат: отапување на сочуствителноста, влошување на менталното и физичкото здравје, изолација и влошување на односте со колегите во работната средина, но и со корисниците на услугите, намалување на квалитетот на услугите, на професионалноста и ефикасноста во работата и, ултимативно, напуштање на истата. Од тие причини, **потребно е зајакнување на човечките капацитети на центрите за социјална работа, планирање на човечките ресурси, дополнителни вработувања на стручни профили како даватели на услуги, систематизирана реорганизација на работата и инвестирање во заштита на кадрите од професионално прегорување на работното место.**

Паралелно со зголемување на работниот товар и негова нееднаква распределба, како проблем се јавува невоедначената практика за плаќање на дежурставата на вработените во центрите за социјална работа. Во некои центри дежурставата се платени како прекувремена работа, додека во некои не се плаќаат. Неплаќањето на надомест на плата за дежурства, односно за прекувремена работа, делува немотивирачки кај вработените, но неповолно се одразува врз ефикасната мултисекторска заштита. Затоа, **потребно е соодветно финансиско компензирање на прекувремената работа на давателите на услуги во сите центри за социјална работа, согласно законската регулатива.**

Дополнително, вработените во центрите за социјална работа секојдневно искусуваат стресни и ризични ситуации на работното место и во теренската работа, вршејќи ги работните задолженија, поради што се изложени на секундарна виктимизација. Нивната месечна плата не соодветствува на ризиците од работата и влијанијата врз здравјето, односно не постои реципрочност во плаќањето кое соодветсвува на обемот и карактерот на работните обврски. Како пример се посочуваат инспекторите кои вршат надзор врз работата на центрите за социјална работа, кои имаат 30% додаток на платата кога излегуваат на терен со цел вршење надзор. Затоа, **потребно е законско регулирање на соодветно финансиско компензирање како додаток на плата за работа во услови неповолни за здравјето на давателите на услуги во сите центри за социјална работа.**

Проблемите се уште поизразени доколку се има предвид актуелниот тренд засилен од Министерството за труд и социјлана политика, а кој се однесува на работата со сторители на насилство врз жени во рамки на советувалиштата за сторители на родово-базирано насилство и семејно насилство отворени во дел од центрите за социјална работа. Имено, една од новите обврски на дел од центрите каде има воспоставено вакви советувалишта е советувалишната работа со сторителите, за што тие веќе треба да известуваат кон МТСП за бројот на овозможени услуги за сторители. Вработените во центрите истовремено овозможуваат услуги на жртвите на насилство, па е спротивно на меѓународните стандарди и професионалната етика истите вработени да овозможуваат советувалишни услуги на сторителите. Тука се јавува и проблемот со соодветна и доволна обученост и едуцираност на давателите на услуги за работа со сторители, како и просторните можности во центрите, кои не соодвествуваат на законски пропишаните. Дополнително, ваквите советувалишта не се достапни во сите региони од државата, така

што едно од можните решенија би било МТСП да издвојува средства за покривање на патните трошоци на сторителите што ќе добиваат вакви услуги. Актуелниот тренд за работа со сторители веќе се прифаќа од страна на определени основни судови кои ја изрекуваат мерката од член 58 став 1 т.8 од Закон за спречување и заштита на насилство врз жени и семејно насилство и ги упатуваат сторителите во центрите за социјална работа за извршување на мерката задолжително да посетува советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство. При недостаток на соодветни услови поврзани со обученоста и просторните капацитети на центрите, давателите на услуги искусуваат и зголемен ризик по нивниот телесен и психолошки интегритет во работата со сторители на насилство врз жени и семејно насилство. Не се непознати вербалните и физички напади врз давателите на услуги и во просториите на самите центри, така што се доведува во прашање безбедноста и сигурноста на човечкиот кадар во центрите за социјлана работа. Од друга страна, во Закон за спречување и заштита на насилство врз жени и семејно насилство не е регулирана ваквата обврска на центрите, па од тука, **препораката на претставниците на центрите и МТЗ е советувалишната работа со сторители да биде препуштена на специјализирани регионални советувалишта надвор од центрите за социјална работа, со соодветен инвестициски влог од државата и општините во овој дел од сеопфатната превенција, заштита и спречување на насилство врз жени и семејно насилство.**

Од друга страна, пак, младите нововработени кадри во центрите не се доволно и соодветно обучени за работа со жртви на насилство врз жени и семејно насилство, па во недостаток на практично работно искуство тие и нивниот колегиум се соочуваат со некои од погоре наведените ризици. Нивната едукација е базична и редуцирана, за што говори фактот што во Програмата на заводот за социјална дејност за континуирана професионална едукација за стручните работници во установите за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги за 2022 година, во областа 6 Семејно насилство и насилство врз жени предвидена е само една обука на тема права, услуги и мерки за заштита на насилство врз жени и семејно насилство. На почетно ниво тие добиваат можност да изберат и да се пријават само на една тема, при што Заводот го задржува правото да направи промена и да ги вклучи во тема која е соодветна на профилот на пријавениот и на установата/давателите на услуга каде што е вработен. **Неопходно е Заводот за социјали дејности во Програмата за континуирана професионална едукација за стручните работници во установите за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги и во дизајнот на обуките да вклучи поконкретни, продлабочени и разновидни теми и аспекти од работата на давателите на услуги во областа на насилството врз жени и семејното насилство, како и од областа на родовата рамноправност, прилагодени на потребите на младите стручни работници, со можност да изберат повеќе теми за професионална едукација, при што да се почитува нивниот автентичен избор.**

Посебен предизвик што беше истакнат во работата со деца како жртви на насилство е недостатокот на згрижувачки и сместувачки капацитети, барем не рамномерно во секој регион. За да се обезбеди нивна ефикасна и сеопфатна заштита, **потребно е континуирано**

**вложување во воспоставување и одржливост на згрижувачките капацитети за деца изложени на насилство.**

И **претставниците на Министерството за внатрешни работи вработени во полициските станици**, членови на МТЗ, акцентот го ставаат на внатрешните човечки и материјално-технички услови во кои работат, а кои влијаат врз нивната работна ефикасност и остварувањето на надлежностите во доменот на јавниот ред и мир, безбедноста, и конкретно полицискиот сегмент во системот на превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

Пост пандемискиот период овозможи нормализирање на условите за работа во општетството, што го наметнува прашањето да се адресира предизвикот со кој се соочуваат полициските служби, поврзано со човековите ресурси, пред се. Имено, Ковид-19 здравствената криза наметна модифиицирани услови и за едукација на нововработените, млади полициски службеници. Центарот за обука на кадри при МВР не испорачуваше обука во текот на претходните три години, а управувачките кадри во помициските станици мораа да се погрижат за континуирана едукација на нововработените, кои немаат никаква обука на теми од областа на насилството врз жени и семејното насилство. Тие не се целосно и сеопфатно запознаени со специфичната регулатива во оваа област, поради што **неопходно е ресорното Министерство за внатрешни работи, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за здравство и Здружението на единиците на локална самоуправа да ги ревидираат постојните програми и курикулуми за обука и да дизајнираат и реализираат мултисекторска, основна и континуирана професионална едукација во областа на насилството врз жени и семејното насилство на полициските кадри во Центарот за обука.**

Јакнењето на човековите ресурси треба да оди паралелно со подобрувањето на материјално-техничките услови за работа во полициските организациони единици. Дел од полициските единици не располагаат со доволно основни материјали за работа, како на пример дрегери, возила, компјутери и сл. Ова влијае врз квалитетот на вршењето на работните задали и услугите што ги овозможуваат на граѓаните, а индиректно влијае и врз квалитетот на криивичниот прогон на сторителите на кривични дела, меѓу кои и на сторителите на насилство врз жени и семејно насилство. Затоа, приоритетно е Владата и **МВР плански и стратешки да инвестираат во подобрувањето на материјално-техничките услови за работа на полициските службеници, со цел сеопфатната превенција, заштита и спречување на насилство врз жени и семејно насилство.**

Поврзано со ова е и потребата да се инвестира во приспособување на дел од полициските станици каде се примаат жртвите на насилство, а се со цел да се превенира и спречи нивна ревиктимизација. Имено, во полициските станици не е возможно да се разговара со жртвата во посебни простории прилагодени за разговор со жртви, како што налага член 44 од Закон за спречување и заштита на насилство врз жени и семејно насилство. Жртвите се изложени на дополнителна виктимизација во полициската постапка, а ако се има

предвид дека не секогаш се сослушани од женска полициска службеничка, се наметнува заклучокот дека средината за работа која не е пријателска кон жртвите може да предизвика повлекување на жртвата и/или го усложни натамошното инситуционално постапување. Од тие причини, **се препорачува Минисертсвото за внатрешни работи да инвестира средства за адаптирање на посебни простории во полициските станици прилагодени за разговор со жртви на насилство врз жени и семејно насилство, како и да осигура жените и девојките жртви на насилство да бидат примени и сослушани од обучена женска полициска службеничка.**

И понатаму останува препораката за измена на кривично-правната рамка во делот на гонењето на кривичното дело Телесна повреда, сторена при вршење на семејно насилство, така што делото да се гони ex officio, по службена должност од страна на органите за прогон. Оставањето на кривичниот прогон на диспозиција на жртвата како оштетена во подоцнежните, судски фази на постапувањето, често значи и неефикасно трошење на општествени финансиски и човечки ресурсри, што ја ефектура негативно полициската работа во услови на економска криза. Од друга страна, пак, жртвата е изложена на дополнителни притисоци од сторителот и/или семејната средина да го повлече предлогот за гонење, а не е изклучен и ризикот од дополнително насилство. Во кривичните постапки за ова кривично дело, откажувањето на жртвата од кривичен прогон на сторителот може да се земе како олеснителна околност при одмерувањето на санкцијата за сторителот од страна на судот. Од тука, **препорака до законодавецот е да целосно да се воведе политика за кривичен прогон по службена должност на постоечките кривични дела сторени при вршење на семејно насилство, како и на предложените нови кривични дела сторени при вршење на насилство врз жени и семејно насилство, кои се во собраниска процедура на донесување.**

Сите даватели на услуги за жени и девојки изложени на насилство се соочуваат со бирократизирање на процесите и преоптовареност со обемно документирање. Тоа одзема голем дел од работното време и енергија на давателите на услуги, што тие можат да го пренасочат во ефикасна и квалитетна работа со жртвите. Затоа, **генерална препорака од членовите на МТЗ за ресорните министерства е, по консултација со засегнатите страни, да се изврши поедноставување на обрасците за документација на работата, нивно сведување на најнеопходното и во мера што е доволна да се следи и набљудува квалитетот на дадените услуги и да се обезбедат статистички и административни податоци за состојбата со родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство.**